
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-БИТОЛА
БР. 04-8/155
05.06 2025 год.
Битола



НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - БИТОЛА
NI INSTITUTE FOR PRESERVATION OF CULTURAL MONUMENTS AND MUSEUM - BITOLA

Климент Охридски 18, 7000 Битола, Република Северна Македонија / Kliment Ohridski 18, 7000 Bitola, Republic of North Macedonia
www.muzejbitola.mk info@muzejbitola.mk ++ 389 47 233 187

Врз основа на член 77-ж од Законот за култура („Службен весник на РМ“ бр. 66/03, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и Службен весник на РСМ бр.265/24”, член 21 став 1 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 21 и член 23 став 4 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ“ бр. 167/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25), а во согласност со член 13 став 2 алинеја 19 Статутот на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола со арх бр.01-155/4 од 11.08.2023 година, вд директорот на установата донесе

О Д Л У К А

за избор на работник по објавен јавен оглас 01/2025 од 24.04.2025 година

1. По јавниот оглас 01/2025 за вработување на 1 (едно) лице – давател на јавни услуги во Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола, објавен во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“ за работно место Стручен работник за заштита на етнолошко наследство, Конзерватор во Одделение за истражување, идентификација и режим на заштита, Сектор за заштита и конзервација на недвижно културно наследство со број на извршители 1 (еден) од предложената листа се избира следниот кандидат:

Божидар Маслинко со ЕМБГ 0804000410006

1. Избраниот кандидат од точка 1 на оваа одлука ќе заснова работен однос во Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Битола со потпишување на договор за вработување.
2. Со одлуката за избор на кандидат за прием по објавениот оглас да се известат сите кандидати кои се пријавиле на огласот.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување

Образложение

Во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“ беше објавен јавен оглас 01/2025 од 24.04.2025 година за вработување на 1 (едно) лице – давател на јавни услуги во Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј –Битола за работно место Стручен работник за заштита на етнолошко наследство, Конзерватор, со број на извршители 1 (еден) во Одделение за истражување, идентификација и режим на заштита, Сектор за заштита и конзервација на недвижно културно наследство.

Во врска со наведениот оглас и работното место Комисијата за спроведување на постапката за вработување, формирана со Решение бр. 04-8/43 од 16.05.2025година по спроведената постапка за селекција на ден 20.05.2025 година ги разгледа поднесените пријави на кандидатите и изготви Прелиминарна листа за пријавени кандидати со бр.04-8/45 од 21.05.2025 година.

Согласно член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор се утврди дека при проверката на документите недостасуваат некои од доказите и во рок од 3 дена се побара од кандидатите да ги комплетираат документите.

По комплетирањето на документите, Комисијата за спроведување на постапка за вработување на ден 26.05.2025 година уште еднаш ги разгледа поднесените и дополнети пријави на кандидатите.

Кандидатите со уредна документација беа повикани на интервју на ден 02.06.2025 година во 11 часот во просториите на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола.

По извршената административна селекција и спроведеното интервју, Комисијата изготви ранг листа на кандидатите за горенаведеното место, и истата ја доставена до вд директорот.

За горенаведеното работно место, вд директорот изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Избраниот кандидат од точка 1 на оваа одлука ќе заснова работен однос во Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола со потпишување на договор за вработување по конечноста на одлуката.

Правна поука: Незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Управниот одбор при Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола.

вд Директор

Зоран Николовски